**ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО НА СЕМИНАР ОД ОБЛАСТА НА МЕНУВАЧКИТЕ РАБОТИ И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

Почитувани,

Во октомври 2023 година , Народната банка на Република Северна Македонија донесе нова Одлука за менувачките работи и нова Одлука за начинот на спроведување на мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Овие одлуки, меѓу другото, содржат одредби коишто се релеватнтни за процесот на лиценцирање на овластените менувачи и за мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам коишто истите треба да ги преземат во рамките на своето тековно работење.

Имајќи ги предвид значењето на новините во регулативата, како и интересот којшто тие го предизвикуваат кај финансиските институции, со особена чест и задоволство ве известуваме дека Народната банка ќе организира семинар посветен на активностите коишто треба да ги преземат овластените менувачи согласно измените на регулативата.

Семинарот ќе се одржи online, преку платформата webex на 4-ти декември 2023 година, (понеделник), во периодот од 14 до 16 часот.

Предавачи на семинарот ќе бидат Милена Најдова и  Гоце Трајковски, вработени во Секторот за супервизија.

Со почит,